АЦЕ
ФОНДАЦИЈА
АГРО-ЦЕНТАР
ЗА ЕДУКАЦИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## За 2024 година

**Љупчо Тошев**

**Извршен директор**

# Содржина

Вовед.....3

За Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ).....4

Проекти кои завршија со реализација во 2023-2024 година.....7

Имплементација на Проекти поддржани од Еразмус+ програмата на ЕУ.....8

***Проекти во тек:*** .....8

***Проекти кои започнаа со реализација во 2024 година:*** .....10

Јакнење на капацитетите на ФАЦЕ и давање услуги.....16

Финансиски показатели.....17

ПРИХОДИ ВО 2024 ГОДИНА.....17

РАСХОДИ ВО 2024 ГОДИНА.....19

Издавач:

**Фондација Агро-центар за едукација (ФАЦЕ)**

Адреса на издавачот:

**ул. Кленоец**

**бр. 67-1/6, 1000 Скопје**

**Р. Македонија**

Телефон: **+389 2 3222 015**

Е-маил: contact@ace.org.mk

Вебстрана: http://ace.org.mk/

Фејсбук: https://www.facebook.com/facemkd/

Скопје, 2025

# Вовед

Почитуван читателу,

Во својата осумнаесетта година од постоењето, Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ) продолжи посветено да делува како двигател на промени во областа на неформалното образование и доживотното учење во земјоделскиот и руралниот сектор во Македонија и пошироко. Преку силна посветеност на вредностите како иновативност, одговорност и инклузивност, во текот на 2024 година ФАЦЕ успешно одговори на предизвиците од сè подинамичната општествена и едукативна реалност.

Во фокусот на нашето работење останаа програмите поддржани од Европската унија, особено Еразмус+ програмата, која и оваа година претставуваше главен извор на поддршка за спроведување проекти во областа на стручното образование, мобилноста, одржливото земјоделство, социјалната инклузија и дигиталната трансформација. ФАЦЕ продолжи со имплементација на веќе започнати проекти и започна со нови, со кои се опфатија теми како: биолошка контрола на штетници (био-пестициди), дигитална еко-едукација преку QR технологија, инклузивност во прехранбениот сектор за лица со посебни диететски барања, и многу други.

Особено значаен е континуитетот на Еразмус+ акредитацијата што ни овозможува да обезбедиме квалитетни мобилности за ученици и наставници од земјоделските училишта, со акцент на учење базирано на работа и зголемување на нивната конкурентност на пазарот на труд. Овие мобилности не само што овозможуваат професионален развој, туку ги зближуваат младите луѓе од различни култури и ја градат европската солидарност и разбирање.

Во 2024 година, организацијата не само што го одржа нивото на активност, туку и го прошири полето на дејствување, воспоставувајќи нови партнерства со организации од преку 20 европски земји. Нашите активности беа насочени кон тоа да обезбедиме реални, применливи и одржливи резултати за целните групи: земјоделци, ученици, наставници, локални заедници и маргинализирани групи. Покрај тоа, значајно се инвестираше и во јакнење на интерните капацитети на ФАЦЕ – преку обуки на персоналот, учество на регионални и меѓународни конференции и придонес во стратешките дијалози за стручното образование.

Со ова, ФАЦЕ продолжува да го потврдува своето место како респектиран партнер и промотор на позитивни општествени промени. Годишниот извештај што е пред Вас ја одразува оваа посветеност, напорите и резултатите кои беа постигнати со поддршка од донаторите, партнерите, стручниот тим и управувачките тела. Благодарност до сите што придонесоа за успешната 2024 година. Продолжуваме со еднаква енергија, инспирација и визија за иднината.

Со почит,

М-р Љупчо Тошев

Извршен директор

# За Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ)

*Визија, мисија и клучни вредности*

**Визијата** на ФАЦЕ: Создавање општество во кое образованието е движечка сила за позитивни промени за сите, особено оние што се вклучени во земјоделството и руралниот развој.

**Мисија:** Како непрофитна организација, ФАЦЕ го зајакнува влијанието на неформалното образование и доживотното учење во Македонија и регионот, во насока на одржлив земјоделски и рурален развој – како и подобрена вработливост. ФАЦЕ го постигнува ова преку развој и имплементација на модерни програми, курикулуми и модели за учење базирани на практична работа.

**Клучните вредности** на организацијата се:

- ***Инзвонредност*** – Наш предизвик се највисоките нивоа на учење и изведба за создавање на влијание. Нашата сила се професионалноста, динамиката и флексибилноста како низ процесите, така и при донесувањето одлуки.
- ***Интегритет*** – Ние сме целосно одговорни и транспарентни, пред нас самите, нашите донатори, партнери и оние на кои им даваме услуги.
- ***Разновидност*** – Преку прифаќање на различностите и активно вклучување на разни групи, ние со заеднички напори ги решаваме проблемите.
- ***Еднаквост*** – Ние веруваме во еднакви вредности, почит и искреност кон секоја личност. Ние промовираме родова еднаквост и се бориме за достоинството и човековите права за сите.
- ***Иновативност*** – Секојдневно, преку нови идеи и решенија, ги користиме сите можности кои произлегуваат од промените во околината, предвидувајќи ги потребите на целните групи.

*Организациска структура:*

ФАЦЕ е изградена врз основа на рамна структура со управувачко тело - Одбор на старатели и Извршна канцеларија.

Одборот на старатели (во понатамошниот текст Одбор) е управувачкото тело на ФАЦЕ.

Членовите на Одборот имаат право и должност да учествуваат во работата на самиот одбор и да даваат иницијативи за изработка на нацрт акти, и да употребуваат други овластувања, со согласност со Правилата и заклучоците на Одборот. Одборот се состои од најмалку 5, но не повеќе од 9 старатели, вклучувајќи ги: Претседател и 3 до 7 члена.

*Менаџмент:*

Извршната канцеларија се состои од извршен директор и друг потребен персонал. Извршниот директор е избран член од персоналот што се води по принципите на ефективност,

компетентност, интегритет и позитивност. Извршната канцеларија ги извршува менаџерските, административните и професионалните задачии ги администрира политиките и програмите коишто се одобрени од Одборот.

Извршниот директор се назначува од страна на Одборот. Извршниот директор е главниот административен чинител. Извршниот директор ги набљудува и анализира сите ситуации и/или проблеми што се јавуваат во тековните активности, обезбедува предвидувања за идни состојби, проблеми и можности; комуницира и соработува со други организации. Извршниот директор се грижи за стратешкото планирање и подготвува годишни и периодични планови, програми, и финансиски планови. Извршниот директор ја претставува ФАЦЕ во правниот промет со трети страни и е одговорен за законитоста на работењето на ФАЦЕ во согласност со Статутот и другите акти.

*Членови на Извршната канцеларија:*

М-р Љупчо Тошев - Извршен директор

Наташа Огненоска - Раководител за финансии и администрација

Александра Николова - Раководител на проекти

Марија Исаковска – Асистент на проекти – договор

Соработници на проектите во 2024 беа:

Сашо Стефановски, Виктор Поп Глигоров, Зоран Апостоловски, Виолета Пешевска, Лилјана Величковиќ

Експерти - ФАЦЕ има база од повеќе од 30 експерти/обучувачи кои се ангажираат повремено од најразлични области (земјоделство, претприемништво, работа со маргинализирани лица, инвалидни лица, туризам, екологија, за родови односи, заштита при работа, финансии, обука на возрасни, ИКТ, локален и регионален развој и други области).

*Стратешки приоритети*

ФАЦЕ дефинира 3 стратешки приоритети:

Стратешки приоритет # 1: Подобрување на неформалното образование и доживотното учење

Стратешки приоритет #2: Поттикнување на улогата на бизнис секторот во процесот на образование

Стратешки приоритет #3: Создавање на услуги, со цел да се зајакне одржливоста на организацијата.

*Главниот пристап на ФАЦЕ:*

1. Да обезбеди еднаков пристап до знаење за земјоделците, вработените во сродните индустрии, владата и локалната администрација, претприемачите, советодавните служби во земјоделството, експертите од приватни и невладини организации, учениците од стручните училишта, студентите, вработените во ФАЦЕ и особено, но не исклучиво, на припадниците на руралните средини и заедници;

2. Поврзување на образованието и истражувањето, со акцент на промоција на иновативни и применливи механизми и практики;

3. Поддршка за градење на локални капацитети, преку едукација и обука;

4. Да поттикне поголем број на корисници на образовни услуги;

5. Да развива и имплементира едукативни програми (курикулуми) и програми за прилагодување на земјоделството, туризмот, производството на храна, заштитата на животната средина, руралниот развој и другите сектори релевантни за работата на ФАЦЕ;

6. Активно да работи на приспособување на неформалните образовни програми кон потребите на правилата за пазарна економија, потребите на пазарот на трудот и јавните услуги;

7. Да мобилизира и добие средства, од внатрешни фондови или од надворешни извори, за образовни проекти и услуги;

8. Да создаде мрежа на соработка со локални, регионални и меѓународни организации, како и поддршка на сите меѓуинституционални соработки и координација.

# Проекти кои завршија со реализација во 2023-2024 година

## 1. Проекти поддржани од Еразмус+ програмата на ЕУ

***Проект: „ХИАТУС“ – број на договор: 2021-1-IT02-KA220-SCH-000034506***

***Проект: „ Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука“ – број на договор: 2023-1-MK01-KA121-VET-000117132***

***Проект: „Учење за основите на еколошките ставови-LEAF“- број на договор: 2022-2-IT01-KA210-VET-000101300***

## Подгрант на Хоризонт програмата на ЕУ

***Проект: FAIRshare Project External User Case- имплементација на дигитални советодавни алатки и услуги***

# Имплементација на Проекти поддржани од Еразмус+ програмата на ЕУ

## *Проекти во тек:*

***Проект: ВЕРМИКОМПОСТИНГ: Иднината На Одржливото Земјоделство И Управување Со Органскиот Отпад Во Европа – POWERWORMS***

Времетраење: февруари 2022 – февруари 2025

Регион: Македонија, Турција

Донатор: Европска Комисија (Еразмус+ Програма)

Координатор на проектот: Универзитет Тургут Озал, Малатија – Турција

Партнери во проектот:

Фондација Агро-центар за едукација ФАЦЕ (Македонија)

Истражувачки центар за кајсии ( Турција)

Натураинова – Центар за храна и земјоделство (Турција)

ИНОПОЛИС – Центар за иновации и култура (Грција)

ИЛА -Меѓународно здржение на трудот (Холандија)

WWOOF – Можности за органски фарми низ светот (Шпанија)

ИНОТОМИЈА - Претпријатие за истажување, иновации и технологија (Грција)

Целна група за овој проект:

Земјоделци, ученици/практиканити и наставници од средните земјоделски училишта, студенти и професори од универзитетите и други заинтересирани лица од стручното образование во земјоделскиот сектор.

**Цел на проектот:**

Главна цел на проектот е да се промовира, олесни и забрза глобалната транзиција кон одржливо земјоделство и управување со органски отпад со цел да се врати климатската стабилност, да се зголеми биодиверзитетот, да се обнови плодноста на почвата и унапреди производството на здрава храна. Преку проектните активности ќе се демонстрираат повеќекратните придобивки од вермикомпостирањето ( компостирање со дождовни црви) за продуктивноста на почвата и земјоделското земјиште, ќе се развиваат техники за вермикомпостирање без употреба на хемикалии, развивање на техники за ефикасно производство на биоѓубриво, и еколошко управување со органскиот отпад.

**Краток опис:**

Главната цел на проектот е промовирање на формална и неформална едукација и обука за вермикомпостирање (компостирање со дождовни црви) на индивудуални фармери, ученици и наставници од средните земјоделски училишта, обучувачи и земјоделските семејства семејства од руралните области). Вредноста и важноста на дождовните црви во земјоделството првпат во писмена форма ја препознал Чарлс Дарвин, кој во 1881 година изјавил „Црвите се помоќни од африканскиот слон и поважни за економијата од кравата". За да ја разбереме сегашната состојба кај земјите учеснички по однос на вермикомпостирањето, ќе се изврши анализа на најдобрите забележани практики на биокомпостирање и вермикопостирање на органски отпад. Проектот ВЕРМИКОМПОСТИНГ или POWERWORMS ќе сеобиде да ја подигне свеста за био-компостирање и обезбедување на вештини и компетенции на целната група за да одговорат на предизвиците од земјоделскиот сектор преку:

- организирање на онлајн обуки (Educational ToolBox courses) за биокомпостирање и вермикомпостирање на органскиот отпад;
- Информирање на креаторите на политики од областа на стручно образование и обука за биокомпостирање и вермикомпостирање на органскиот отпад, давајќи им поттик за вклучување на оваа тема во наставните содржини во рамки на националните наставни програми;
- интегрирање на обуките како образовна алатка во наставните програми на земјоделските училишта и центрите за обука;
- развивање и промовирање на дигитална апликација – софтверска алатка, за поддршка и контрола на биоклиматските оперативни параметри поврзани со процесот на вермикомпостирање ( Open Digital Application Intelligent Software tool);
- спроведување повеќекратни настани за подигнување на свеста на национално и европско ниво давајќи на пошироката јавност кохерентна слика за состојбите со био-компостирање и вермикомпостирање на органскиот отпад за да се подобри перцепцијата за алтернативно земјоделство и неговите придобивки.
- интегрирање на обуките како образовна алатка во наставните програми на земјоделските училишта и центрите за обука;
- развивање и промовирање на дигитална апликација – софтверска алатка, за поддршка и контрола на биоклиматските оперативни параметри поврзани со процесот на вермикомпостирање ( Open Digital Application Intelligent Software tool);
- спроведување повеќекратни настани за подигнување на свеста на национално и европско ниво давајќи на пошироката јавност кохерентна слика за состојбите со био-компостирање и вермикомпостирање на органскиот отпад за да се подобри перцепцијата за алтернативно земјоделство и неговите придобивки.

# Проекти кои започнаа со реализација во 2024 година:

### Проект: „Средства за биолошка контрола на штетници (Био-пестициди) -Bio Pest Guardians“ број на договор: 2023-1-EL01-KA210-VET-000164772

Времетраење: јануари 2024 – декември 2025

Регион: Македонија, Грција, Шпанија

Донатор: Европска Комисија ( Еразмус+ Програма )

Координатор на проектот: ИНОТОМИЈА - Претпријатие за истажување, иновации и технологија (Грција)

Партнери во проектот:

Фондација Агро-центар за едукација ФАЦЕ (Македонија)
WWOOF – Можности за органски фарми низ светот (Шпанија)
**Целна група:**

Земјоделци, ученици/практиканти и наставници од средните земјоделски училишта, и други заинтересирани лица од стручното образование во земјоделскиот сектор.

**Цел на проектот:**

Био-пестицидите се еколошки пријателска алтернатива на традиционалните хемиски пестициди, а нивната употреба може да доведе до поодржливо и органско земјоделство.
Проектот има за цел да ги едуцира и обучи земјоделците и учениците од стручното образование во земјоделскиот сектор за ефективна употреба и примена на био-пестициди, како и придобивките од нивното користење.
Овој проект ќе помогне да се премости јазот помеѓу теоријата и практиката во земјоделската индустрија. Многу програми за стручно образование и обука се фокусираат на теоријата, но овој проект ќе обезбеди практична обука, овозможувајќи им на учениците да стекнат практично искуство и да ги научат вештините потребни за примена на одржливи практики во реалниот свет.
**Краток опис:**

Целите на проектот се поврзани со приоритетите што ги избравме на следниов начин:
Одржливо земјоделство: Проектот има за цел да ја промовира употребата на био-пестициди, кои се сметаат за поодржлива и еколошка алтернатива на конвенционалните пестициди, намалувајќи го негативното влијание на земјоделството врз животната средина.
Градење капацитети и образование: Проектот има за цел да обезбеди обука и едукација за ученици и наставници од стручно образование и обука, зголемување на нивните знаења и вештини во областа на користењето на био-пестицидите и поддршка за развој на квалификувана работна сила.
За остварување на овие цели ќе се спроведат низа активности меѓу кои ќе бидат следниве:

- Анализа на образовните потреби – оваа активност ќе ги дијагностицира потребите на оние кои се занимаваат со земјоделска дејност, наставниците од средните земјоделски училишта и учениците преку спроведување на анкети, интервјуа и прашалници кои податоци ќе бидат сумирани во консолидиран извештај.

- Едукативна платформа за обука и програма за курсеви за био-пестициди - Онлајн платформата за био-пестициди ќе го направи стручното образование во земјоделскиот сектор попривлечно нудејќи неколку поволности за учениците, едукаторите како и за работодавачите во областа на земјоделството и управувањето со штетници. Со обезбедување пристап до материјали за обука, студии на случај, истражувачки трудови и извештаи, платформата може да помогне да се подобри разбирањето на придобивките и ограничувањата на био-пестицидите и да се промовира усвојувањето на одржливи практики за управување со штетници.
- Активности за вмрежување и дисеминација – спроведување кампања за промоција и подигање на свеста за користење на био-пестиците.

***Проект: „Почитувај ги традициите, но биди одговорен!“- број на договор: 2023-2-RO01-KA210-ADU-000175699***

Времетраење: април 2024 – април 2025

Регион: Македонија, Романија, Бугарија, Шпанија

Донатор: Европска Комисија ( Еразмус+ Програма )

Координатор на проектот: Асоцијација за демократија Клуб Бузау – Романија

Партнери во проектот:

Фондација Агро-центар за едукација ФАЦЕ (Македонија)
Здружение за претприемнички иновации и информатички технологии и комуникација ИНЕТИКА (Шпанија)
Културен центар Бугарија (Бугарија)

**Целна група:**
Социјални ментори од ромската заедница, волонтери и соработници на партнерските организации, претставници од ромската заедница.

**Цел на проектот:**
Општата цел на проектот ќе биде да се подигне свеста кај возрасните Роми и родители на децата за ризиците и опасностите што ги носат раните бракови кај нивните деца под 16-годишна возраст во однос на нивната маргинализација и социјална исклученост.
Специфична цел 1: зголемување на нивото на вештините на социјалните ментори и членовите на партнерските организации за ромската заедница;
Специфична цел 2: зголемување на нивото на информираност/свест кај возрасните Роми, со помош на соработниците и социјалните ментори вклучени во проектот.

**Краток опис:**
Постигнувањето на општата цел на проектот, создава можности за учење кај граѓаните од ромската заеница, од срeдините каде функционираат партнерските организации.
Со имплементација на проектот сакаме да го зголемиме нивото на знаење на 16-те социјални ментори за Ромите, јавно говорење и застапување на членовите на партнерските организации, да ја подигнеме

свеста кај 400 возрасни од ромската заедница за опасностите и ризиците од раните бракови меѓу децата Роми и да се постигне подобра социјална вклученост на Ромите.
За да ги постигнеме нашите цели, ќе ги спроведеме следните активности:

- избор на 16 социјални ментори (4 ментори/секоја партнерска организација)
- елаборативен курс - поддршка за социјални ментори од ромската заедница
- спроведување на курсот за обука за ментори
- разработка на план за кампања за информирана/свесност
- спроведување на Информативна Кампања за подигање на свеста со вклучување на најмалку 400 возрасни од ромската заедница
- организирање локални настани како и транснационална конференција за дисеминација на резултатите.

***Проект: „ FOOD4ALL: Поттикнување на инклузивност и разновидност во прехранбениот сектор за лица со посебни диететски барања“, број на договор: 2024-1-FR01-KA220-VET-000248687***

Времетраење: октомври 2024 – септември 2026

Регион: Македонија, Франција, Грција, Турција, Шпанија

Донатор: Европска Комисија ( Еразмус+ Програма )

Координатор на проектот: МЕТРОПОЛИТАН ЦЕНТАР ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО, КАРБУРАТОРОТ –Франција

Партнери во проектот:

Фондација Агро-центар за едукација ФАЦЕ (Македонија)
ИНОТОМИА (Грција)
ГУВЕРНЕРСТВО НА ИСТАНБУЛ – ГОИ (Турција)
ХАБИТАТ Платаформа (Шпанија)
**Целна група:**

- Обучувачи од стручно образование и обука, ученици од средно стручно образование, обучувачи во компании, наставници во секторот за храна и пијалоци;
- Кулинарски професионалци како готвачи, келнери;
- Академици од институциите поврзани со исхрана и алергии на храна, креатори на политики во прехрамбената индустрија.

**Цел на проектот:**

Проектот FOOD4ALL има за цел да ја поттикне кулинарската инклузивност и иновативност во партнерските земји (Франција, Шпанија, Грција, Северна Македонија, Турција), поттикнувајќи одржливи практики во прехранбената индустрија и зајакнување на кулинарскиот туризам.

Главната цел на овој проект е да се унапредат вештините на луѓето од прехранбениот сектор (обучувачи од стручно образование и обука, обучувачи во компанијата, кулинарски професионалци како готвачи, келнери итн.) и да се поддржат лицата со посебни диететски ограничувања и преференции да учествуваат во општествениот живот.

**Краток опис:**

Целта на проектот FOOD4ALL е да ги унапреди вештините и знаењата на поединците во прехранбениот сектор, вклучително и ученици од средно стручно образование, даватели на услуги, обучувачи во компании, готвачи, келнери. Ова се постигнува преку специјализирана обука за посебни диететски ограничувања, со сеопфатна цел да се придонесе во туризмот со храна, да се промовира инклузивното социјално учество, да се подигне свеста за безбедноста на храната, да се координираат активностите за стандардите за храна, да се обезбеди заштита на здравјето и обезбедување квалитет и усогласување со регулативите на ЕУ.

Проектот FOOD4ALL ќе ги преземе следните активности:
- Подобрување на вештините на обучувачите од стручно образование и обука, учениците од средно стручно образование, обучувачите во компанијата и кулинарски професионалци за ефикасно справување со посебните диететски органичувања;
- Создавање сеопфатни образовни ресурси и ИТ алатки прилагодени за програми за кулинарска обука;
- Развивање на одржлива рамка за интеграција и долгорочно влијание на резултатите од проектот во секторот за кулинарско образование.

Резултатите кои ќе произлезат од проектот се:
- Водич за кулинарска инклузивност: документ за навигација со специјални диети за кулинарна еднаквост и различност
- Лабораторија за кулинарски иновации - практична апликација со специјални диети
- Прирачник за кулинарска интеграција - од училница до кујна

Резултатите ќе им помогнат на целните групи да ги подобрат своите инклузивни кулинарски вештини, да останат ажурирани за иновативните пристапи кон барањата за исхрана и да се усогласат со најновите регулативи на ЕУ за развојот на прехранбениот сектор и кулинарскиот туризам.

***Проект: „ QRiosity Park: Потрага по еко-знаење во урбаните паркови со користење на QR код“ – број на договор: 2024-1-EL01-KA220-SCH-000244241***

Времетраење: ноември 2024 – ноември 2026

Регион: Македонија, Бугарија, Франција, Грција

Донатор: Европска Комисија ( Еразмус+ Програма )

Координатор на проектот: 18то Основно училиште на Родос- Грција
Целна група:

- Наставници во основно и средно образование
- Ученици од основни и средни училишта во урбани средини
- Здруженија, фондации и еколошки организации,
- Креатори на политики во училишните образовни заедници, општини, локални бизниси и субјекти за урбанистичко планирање

Партнери:

Фондација Агро-центар за едукација ФАЦЕ (Македонија)

Пневма (Бугарија)
Инфинитивити Дизајн Лабс (Франција)
Иновација Би (Грција)

**Цел на проектот:**

Проектот QRiosity Park има за цел да ги револуционизира урбаните зелени површини, ангажирајќи ги наставниците и учениците преку иновативна мобилна апликација да го поттикнуваат еколошкото образование и активното учење. Проектот има за цел да одговори на предизвиците на дигитализираното детство, недостатокот на изложеност на природата и да промовира одржливост. Целта е да се поттикнат учениците, да ги зајакне компетенциите на наставниците и да создаде трајно влијание врз образованието преку интегрирање на природата во учење базирано на искуство.

**Краток опис:**

Клучните иницијативи на проектот QRiosity Park вклучуваат: развивање на мобилна апликација за игра за „лов на богатство на отворено", ангажирање на наставници и ученици, создавање сеопфатен прирачник, и спроведување на иницијативи за дисеминација за да се максимизира влијанието кај различните засегнати страни. Преку овие иницијативи, проектот има за цел да поттикне еколошка едукација и ангажман во урбаните зелени површини. QRiosity Park има за цел да создаде иновативна мобилна апликација, сеопфатен прирачник и пакет со алатки за едукатори, поттикнувајќи еколошка едукација преку урбани зелени површини. Резултатите вклучуваат зајакнати педагошки практики, ангажман на учениците и пошироко општествено влијание преку негување еколошка свест и одржливи практики кај учениците и наставниците.

***Проект „Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука"*** *од програмата Еразмус+, Клучна акција 1: Мобилности заради учење на поединци,* ***број на договор – 2024-1-MK01-KA121-VET-000196090.***

Времетраење на проектот: јуни 2024 – август 2025 година

**Цел на проектот:**

Целта на проектот е со воведување на земјоделски и претприемачки вештини во земјоделскиот сектор, преку учење базирано на работа, да се задоволат главните потреби на учениците за подобрување на можностите за вработување и подобрување на изгледите на нивната идна кариера, да се зголеми нивното чувство за иницијатива и претприемништвото и да се зголеми мотивацијата за учество во идното (формално / неформално) образование или обука. Учениците ќе се стекнат со зголемено знаење за земјоделството, ветеринарството, агро-туризмот и подготовката на храна, зголемена културна свест, зголемена јазична способност, зголемена самодоверба, подготвеност за понатамошно учество, зголемено разбирање за другите земји во Европа, подобрени комуникациски вештини, работни односи, лични односи, поголема мотивација за завршување на студијата, зголемен интерес за други луѓе, очекувано позитивно влијание врз можностите за кариера и подобрување на стручното знаење, вештини и ставови (компетенции)

Мобилноста на ученици во проектот ќе се одржи во земјоделски компании во Катерини, Грција.

Мобилноста ќе се одвива со почеток од 16.03.2025 година до 29.03.2025 година.

Во рамките на овој проект е предвидена еднонеделна обука на 7 наставници од средните земјоделски училишта која ќе се организира исто во Катерини, Грција. Наставниците ќе се стекнат со подобрена ефикасност и зголемени вештини во однос на организирање квалитетна практична обука за учениците, проширени хоризонти со стекнување знаење за други земји и култури, зголемени вештини за проценка, толкување на факти, утврдување на нови принципи и концепти во нивната област на работа, стекнување на важни вештини за само-развој преку искуство за време на обука базирана на работа.

Обуката ќе се одвива во периодот од 16.03.2025 година до 22.03.2025 година.

Трошоците за престој, сместување, храна, патување и осигурување на сите учесници ги покрива програмата.

# Јакнење на капацитетите на ФАЦЕ и давање услуги

Во текот на 2024 година, Фондацијата Агро-центар за едукација (ФАЦЕ) вложи дополнителни напори во зајакнување на институционалните и човечките капацитети, со цел подобрување на квалитетот на услугите и активностите што ги нуди. Континуираното професионално усовршување на персоналот е еден од клучните елементи на организацискиот развој, а оваа година ФАЦЕ се фокусираше на учество во релевантни меѓународни и национални обуки, студиски посети и стратешки настани.

Персоналот на ФАЦЕ учествуваше на обука во Грција поврзана со компостирање со дождовни црви, која придонесе за унапредување на техничките знаења и практични вештини во областа на одржливо земјоделство. Покрај тоа, во Скопје се одржа и специјализирана обука за методологии за дизајнерско размислување, што претставуваше значаен чекор кон воведување на иновативни алатки за планирање, учење и соработка во рамки на проектите и иницијативите на ФАЦЕ.

Дополнително, претставници од ФАЦЕ беа активни учесници на неколку конференции, состаноци и консултативни настани во земјата и странство, каде што беа разменети искуства, практики и воспоставени нови партнерства со организации од областа на образованието, руралниот развој и екологијата. Ваквото вклучување го збогатува институционалното знаење, ја подобрува видливоста на организацијата и отвора нови можности за проектен развој.

Како дел од процесот на проширување на тимот, во октомври 2024 година, на позицијата проектен асистент се приклучи Марија Исаковска, со што дополнително се зајакна административниот и логистичкиот капацитет на организацијата за поддршка на тековните и идни проекти.

Во делот на давање на услуги, 2024 година претставуваше период на консолидација, со фокус на внатрешно јакнење и подготвителни активности за нови услуги што ќе се понудат во наредниот период. Иако немаше конкретни активности на овој план, беа направени подготовки и идентификувани потреби и можности за развој на нови едукативни производи и консултантски услуги кои ќе бидат во согласност со мисијата на организацијата и потребите на заедницата.

ФАЦЕ ќе продолжи и во наредниот период да го унапредува својот човечки и организациски потенцијал, како предуслов за долгорочна одржливост и позитивно влијание во заедницата.

# Финансиски показатели

## ПРИХОДИ ВО 2024 ГОДИНА

| ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ ВО 2024 ГОДИНА | денари | Учество во % |
|---|---|---|
| Пренесени наменски средства од тековни проекти од 2023 година за проекти во 2024 година | 10,418,760 | 63% |
| Приходи од Проекти во 2024: | | |
| Еразмус + Проект „FOOD4ALL”- Договор бр. 2024-1-FR01-KA220-VET-000248687 | 1,174,677.00 | 7% |
| Еразмус + Проект „Почитувај ги традициите, но биди одговорен!“- Договор бр. 2023-2-RO01-KA210-ADU-000175699 | 445,845.00 | 3% |
| Еразмус + Проект „Учење за основите на еколошките ставови-LEAF“- Договор бр. 2022-2-IT01-KA210-VET-000101300 | 122,064.00 | 1% |
| Еразмус + Проект „ Средства за биолошка контрола на штетници (Био-пестициди) -Bio Pest Guardians“ – Договор бр. 2023-1-EL01-KA210-VET-000164772 | 396,440.00 | 2% |
| Еразмус + Проект „ХИАТУС“ - Договор бр. 2021-1-IT02-KA220-SCH-000034506 | 323,038.00 | 2% |
| Еразмус + Проект „Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука“ – Договор бр. 2023-1-MK01-KA121-VET-000117132 | 394,168.00 | 2% |
| Еразмус+ Проект „Акредитирани проекти за мобилност на ученици и вработени/кадар во полето на стручно образование и обука“ - Договор бр. 2024-1-MK01-KA121-VET-000196090 | 2,943,120.00 | 18% |
| Проект FAIRshare - имплементација на дигитални советодавни алатки и услуги | 276,712.00 | 2% |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 16,494,824.00 | 100% |


ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ ВО 2024 ГОДИНА
FOOD4ALL 7%
Еразмус + RESPECT THE TRADITIONS 3%
Еразмус+ LEAF 1%
Еразмус+ BIOPEST 2%
Еразмус+ HIATUS 2%
Еразмус+ Акредитација 2023 2%
Проект FAIRSHARE 2%
Еразмус+ Акредитација 2024 18%
Пренесени наменски средства од тековни проекти од 2023 година за проекти во 2024 година 63%

# РАСХОДИ ВО 2024 ГОДИНА

| РАСХОДИ ВО 2024 ГОДИНА | денари | Учество во % |
|---|---|---|
| **ПРОГРАМСКИ ТРОШОЦИ** | **2,108,972.00** | **36%** |
| Трошоци за проектни патувања (авионски билети, хотелско сместување, организирање на настани) | 1,823,800.00 | |
| Интелектуални услуги | 266,800.00 | |
| Останати функционални трошоци | 18,372.00 | |
| **АДМИНИСТРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | **1,014,654.00** | **17%** |
| Трошоци за телефон, интернет услуги , веб страна | 35,200.00 | |
| Канцелариски материјали | 10,196.00 | |
| Трошоци за наемнина | 268,219.00 | |
| Сметководствени услуги | 92,826.00 | |
| Комунални трошоци (струја, вода, парно) | 47,392.00 | |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 66,748.00 | |
| Други расходи | 346,764.00 | |
| Други материјални трошоци | 113,899.00 | |
| Провизија за платниот промет | 33,410.00 | |
| **ТРОШОЦИ ЗА ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ** | **2,784,750.00** | **47%** |
| Трошоци за плати (бруто износ) | 2,634,750.00 | |
| Надоместоци на трошоците на работниците | 150,000.00 | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **5,908,376.00** | **100%** |

